| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Домашни животни |
| **Содржина на денот** | Погоди кое животно сум |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема - зошто и како треба да ги миеме рацете кога ќе галиме животни. |
| **Активности** | За денешна активност со Вашите деца може да одберете да играте со домашни животни. Така децата најлесно ќе се запознаат со нивните карактеристики. За оваа игра ви се потребни играчки - домашни животни кои ги имате во Вашиот дом, голема картонска кутија, сено, разни семиња (пченка, пченица, овес), куќички, мали возила... Понудете му на детео заедно да играте и додека играте разговарајте, именувајте ги животните, погодувајте ги нивните бои, објаснете со што се хранат - хранете ги со семињата, имитирајте ги нивните звуци, опишувајте ги нивните живеалишта... Така детето ќе научи многу нешта непосредно преку игра. Оваа сензорна кутија може да остане подолго време во собата на Вашето дете бидејќи преставува одлична можност децата истовремено и да играат и да учат. |